Одговор: Во однос на точките еден и два, одлуките на Уставниот суд се конечни и извршни што, согласно член 86 од Деловникот на Судот подразбира обврска истите да се извршат од страна на донесувачот на законот, другиот пропис или општиот акт што со одлука на Судот е поништен или укинат, како и од органот или организацијата што го донела поединечниот акт што со одлука на Судот е поништен, односно органот или организацијата што го презела дејството кое Уставниот суд со одлука го забранил. Во пракса, следењето на извршувањето на одлуките на Судот се остварува на начин што секој кој што има правен интерес за извршувањето на одредена одлука на Судот, доставува поднесок со кој го известува Судот дека не е извршена неговата одлука. Доколку поднесокот е уреден, се оформува предмет со назнака „И“, во рамките на кој секретарот на Судот ќе побара потребно известување од доносителот на актот или други субјекти за извршувањето на одлуката. Во случај да не се добие известување за извршување на одлуката, секретарот на Судот, согласно член 87 од Деловникот на Судот, ќе побара од Владата на Република Северна Македонија да го обезбеди нејзиното извршување.

Вкупниот број на предмети на кои биле судии известители поединечно судиите, во период од 01.10.2020 година до 31.01.2021 година е следниот: Сали Мурати - претседател на Судот, Насер Ајдари - 10, Елена Гошева - 10, Никола Ивановски - 10, Јован Јосифовски - 10, д-р Осман Кадриу - 12, д-р Дарко Костадиновски - 12, Вангелина Маркудова - 18, Добрила Кацарска - /.

Поради настанатата состојба со пандемијата во Република Северна Македонија, Уставниот суд не одржува конференции со медиумите, меѓутоа е во постојана комуникација со истите, информирајќи ги за тековното работење на Судот.

До Уставниот суд, во период од 01.10.2020 година до 31.01.2021 година нема поднесено барања за пристап до информации од јавен карактер. Во овој период, од страна на Судот издадени се две збирки на одлуки и избрани решенија на Уставниот суд: - одлуки и избрани решенија на Уставниот суд на Република Македонија донесени во 2018 година и - одлуки и избрани решенија на Уставниот суд на Република Северна Македонија донесени во 2019 година.